# YaraMila™ RiseUp




| NPK ѓубриво – Бисерни гранули | | | |
|---|---|---|---|
| Состав: | | | |
| Вкупен азот (N) | 32% | Вкупен фосфор ($P_2O_5$) | 5% |
| - амонијачен азот | 6% | Калиум ($K_2O$) | 5% |
| - нитратен азот | 2% | Сулфур (S) | 3,7% |
| -азот во уреатна форма | 24% | | |

**YaraMila™ RiseUp** е комбинирано ѓубриво дизајнирано за исхрана на оризот. Се употребува во почетокот на вегетацијата, како основно ѓубриво. Ги подобрува големината, обликот, бојата и тежината на семето. Толерантен при стрес и болести – пониска EC вредност.

**YaraMila™ RiseUp** содржи 32% азот во нитратна, амонијачна и уреатна форма. Азотот влегува во составот на многу соединенија кои се важни за животните процеси во растенијата, како што се: протеините, нуклеинските киселини, нуклеотидите, хлорофилот итн. Различното ниво на обезбеденост со азот се одразува врз синтезата на структуралните и каталитичките протеини, односно ензими и со тоа директно учествува во фотосинтезата.

Фосфорот е во форма на полифосфатни синџири, со што се обезбедува до три пати поголема достапност во споредба со ортофосфатите. Фосфорот е еден од најважните макроелементи, поради што достапноста е од исклучително значање. Исто така ги прави достапни Zn, Cu и Mn.

Содржината на калиумот има посредно и непосредно влијание врз развојот на растенијата. Имено, иако калиумот не е конститутивен елемент, познато е дека има влијание врз активноста на преку педесет емзими.

